РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2551/2
16 - 2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на продолжението на 51 - та седница одржано на ден 01.09.2021 година ДКСК донесе

**Одлука**

СЕ ОТФРЛА пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-2551/1 од 23.07.2021 година, доставена од познат подносител против службеното лице --------, поранешен директор на ----------. ДКСК нема елементи за надлежно постапување поради промена на фактичката состојба.

Предметот со бр. 09-2551/1 од 23.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2551/1 од 23.07.2021 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител, со наводи за кумулација на функции кај Директорката на ----------, ----------- која истовремено е член на Комисијата за ----------------.

ДКСК направи увид во базата на Службен весник на РСМ, по што констатира дека службеното лице ------- е разрешено од функцијата -------------- со Решение од Влада на РСМ со број 14-8831/1 од 04.08.2021 година, односно настанала промена на фактичката состојба и ДКСК нема елементи за надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК,
Изработил: С.М., виш соработник
Одобрил: м-р М.Ш., член на ДКСК